# КАТЕГРОТИЗАЦИЈА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно заклучоците на последниот состанок на Меѓуминистерската работна група за интегрирано гранично управување и добиените сугестии извршено е дополнување на предлог категоризацијата на граничните премини.

Врз осонва на Националната стратегија за интегрирано гранично управување (точка 13) и Националниот акционен план за интегрирано гранично управување (Активност: Оперативни постапки за граничите премини, Под-активност: а) изработка на категоризација на граничните премини) подготвен е предлог за категоризација на граничните премини.

Предлогот е заснован врз основните критериуми наведени во Националната стратегија, односно нивното стратешко значење имајќи ги во предвид факторите: комерцијалниот, социјалниот и домашниот проток на сообраќај, како и стратешките и трговските движења и олеснувањето на трговијата.

Категоризацијата на граничните премини е извршена според нивната стратешка трговска местоположба, трговската функција и комерцијалниот проток на стока, односно:

1-ва категорија - Стратешки
2-ра категорија - Регионални
3-та категорија - Локални

**1-ва категорија - Стратешки:**

Најголеми гранични премини на Република Македонија, со изградени објекти, инфраструктура со високи стандарди, материјало технички средства и опрема, непрекинато отворени за меѓународен сообраќај и обезбедено присуство на персонал од сите државни органи кои имаат надлежност на државната граница.

Преку овие гранични премини:

- границата можат да ја преминуваат граѓаните на Република Македонија и граѓаните на странски држави со потребна патна исправа и виза доколку е потребна,
- можат да се пренесуваат (изнесуваат и внесуваат на територијата на Република Македонија) сите видови стока во согласност со царинските и другите прописи.

Имајќи ги во предвид обемот на сообраќај (преминувања на државната граница) на лица, превозни средства и стока, обемот на извршените работи, местоположбата на одредени премини на Пан-европските коридори 10 и 8 како и нивното значење во одвивањето на поедини видови на превоз се предлага:

**Од 1-ва категорија како Стратешки гранични премини се определуваат:**

| Граничен премин | Царинска Управа | Гранична Полиција | Управа за ветеринарство | Управа за заштита на растенија | работно време во часови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Табановце-патен | + | + | + | + | 24 | |
| Богородица-патен | + | + | + | + | 24 | |
| Деве Баир-патен | + | + | + | + | 24 | |
| Ќафасан-патен | + | + | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | |
| Долно Блаце-патен и железнички ( (условно) моментално е во функција е само патничкиот железнич ки промет) | + | + | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | железнички (само патници) |
| Аеродром-Скопје - воздушен | + додека има летови | + додека има летови | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | |
| Табановце-железнички | + | + | 24 по повик | 24 по повик | 24 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Гевгелија-железнички | + | + | 24 по повик | 24 по повик | 24 | |
| Меџитлија - патен (1-А (условно) по создавање на услови од 1 категрија поради приоритет како дел од Коридорот 10 - освен за акцизни стоки ) | + | + | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | Не се врши промет со акцизни стоки ( Одлука на Владата за видот на стоките кои се предмет на царински постапки на оддлени граничнипремини ( Сл. В. на РМ 111/05) |

**2-ра категорија - Регионални:**

Гранични премини на Република Македонија, отворени за меѓународен сообраќај - движење на лица, превозни средства и стока, со можност за определени ограничувања и/или забрани. На овие гранични премини е ообезбедено присуство на граничната полиција и царината, додека останатите државни органи кои остваруваат дејност на граничните премини, по оценка се присутни постојано или повремено.

Преку овие гранични премини:

- границата можат да ја преминуваат граѓаните на Република Македонија и граѓаните на странски држави со потребна патна исправа и виза доколку е потребна во одредени часови од денот,
- можат да се пренесуваат (изнесуваат и внесуваат не територијата на Република Македонија) одредени видови на стока во согласност со царинските и другите прописи.
- границата можат да ја преминуваат само определени видови на превозни средства,

**Од 2-ра категорија како Регионални гранични премини се определуваат**:

| Граничен Премин | Царинска Управа | Гранична Полиција | Управа за ветеринарство | Управа за заштита на растенија | работно време во часови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Делчево - патен | + | + | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | |
| Ново Село - патен | + | + | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | |
| Јажинце - патен, патнички | + | + | **Не се врши преглед** | се размислува | 24 | |
| Аеродром Охрид - воздушен | + додека има летови | + | 24 по повик | 24 по повик | 24 | |
| Стар Дојран - патен | + | + | **Не се врши преглед** | 24 по повик | 24 | |
| Блато - патен | + | + | **Не се врши преглед** | 12 редовно + 12 по повик | 24 | |
| Свети Наум - патен, патнички | + | + | **Не се врши преглед** | **Не се врши преглед** | 24 | |
| Пелинце - патен, патнички | + | + | **Не се врши преглед** | **Не се врши преглед** | 24 | |
| Стење - патен, патнички | + | + | **Не се врши преглед** | **Не се врши преглед** | 24 | |
| Волково-железнички ( 2 - А (условно) | + | + | 12 редовно + 12 по повик | 12 редовно + 12 по повик | 24 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| моментално е во функција само стоковиот железнички промет до создавање на услови за префрлање на ГП Долно Блаце и категоризација во 1-ва категорија | | | | | | |
| Охрид - Подградец (бродска линија) воден, патнички | + | + | **Не се врши преглед** | **Не се врши преглед** | По потреба | Преглед се врши според возниот ред |

**3-та категорија - Локални**

Гранични премини на Република Македонија, отворени за пограничен сообраќај - движење на лица, превозни средства и стока од со можност за  определени ограничувања . На овие гранични премини е можно вршење на граничната контрола само од страна на граничната полиција или само од страна на царината, а поради останатите ограничувања не постои потреба од присуство на други гранични органи кои остваруваат функција на граничните премини.

Преку овие гранични премини:

- границата можат да ја преминуваат граѓаните на Република Македонија и граѓаните на соседна странска држава во пограничен сообраќај од одредено(и) подрачје(а),
- се забранува пренесување (изнесуваат внесуваат на територијата на Република Македонија) на стока од комерцијален карактер во согласност со царинските и другите прописи.
- може да се движи само пеш, со патнички моторни возила, но се забранува движење на сите видови на товарни возила,

- е забрането движење (пренесување) на живи животни, некои видови на храна
- може да се ограничи времето на работење, да работат само во текот на денот или само во определена сезона од годината.

**Од 3-та категорија како Локални гранични премини се определуваат:**

Кон Република Бугарија:

| Граничен премин | Царинска Управа | Гранична Полиција | Управа за ветеринарство | Управа за заштита на растенија | работно време во часови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Клепало (Берово) - Сандански, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |
| Ајдучки Кладенец (Пехчево) - Симитли, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |
| Црна Скала (Делчево) - Невестино, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |

Кон Република Албанија

| Граничен премин | Царинска Управа | Гранична Полиција | Управа за ветеринарство | Управа за заштита на растенија | работно време во часови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѓепчиште ( Дебар) - Требиште, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |

Кон Србија и Црна Гора

| Граничен премин | Царинска Управа | Гранична Полиција | Управа за ветеринарство | Управа за заштита на растенија | работно време во часови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стрезимир - Растелица ( во функција), патен, патнички | - | + | - | - | 24 | Во функција |
| Танушевци - Д ебалде ( во функција), патен, патнички | - | + | - | - | 24 | Во функција |
| Огут - Трговиште, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |
| Голема Црцорија - | | | | | | Според потпишани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Голеш, патен, патнички Лојане - Миратовац, патен, патнички | | | | | | билатерални договори |
| Сопот - Стрезовце, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |
| Петровац - Славујевац, патен, патнички | | | | | | Според потпишани билатерални договори |